**Присутни:** Др Лилија Чолакова Дервишова, Др Мевледин Куч, Др Милорад Ристески, Др Златко Стојменов, Др Биљана Огњанова, Др Игор Дабески, Др Ејуб Ѓулша, Др Светле Трифуноска, Др Елица Станислевиќ, Др Зорица Јовановска, Др Иле Стаменковски, Др Живко Даскаловски, Др Муарем Салиу, Др Бурназ Вања, Др Ранко Вељановски.

**Дневен ред**

1.Известување од средбите на Претседателството на ЗПЛРМ по градови-проблеми по градови

2.Клучни точки на кои треба да се обрне внимание во новите барања кон Фондот-за новите договори

3.Известување од посетата кај Државниот Секретар

4.Известување од Отворената трибина здравството и здравствените работници во следните 20 години

5.Доставување на барање до МЗ-што со семејна медицина и нејзиниот специјалистички испит-доедукација или специлајизација

6.Разно

Др Биљана побара да се промени дневниот ред и заради итност  како прва точка да се стави новиот Предлог Закон за Здравствена заштита .Присутните се сложија. Др Живко побара да се додадат точки за Руралните амбуланти,магистралата,Режим на лекови,Л листа Записниците пред да се праќаат на сајтот прво да се усвојат од Управниот Одбор на ЗПЛРМ како би се запазило работењето по Статутот.

Претседателката даде опширно излагање за посетите по градови.Реализирани се посетите во градовите-Дебар,Кичево,Струга,Прилеп,Охрид,Тетово и Куманово.Во Дебар е отворена Итна медицинска Служба ,Во Кичево и Охрид на средбите приствуваа и претставници од Фондот.Во овие градови се дискутирало најмногу за режим на лекови,централно пријавување на пациентите,проблем со пререгистрацијата на пациентите.Колегите кажаа дека  докторите во Македонија не се криви што невработените не се пријавиле на време во ФЗОМ ,па затоа не треба да се скратени за оваа група пациенти ,а некои од нив  добиваат здравствени услуги и имаат сини картони,а се на  листите  со нула осигурување. Заради  технички проблеми во Подрачните служби на Фондот пријавување и одјавување на пациенти да биде секој ден. Во Куманово главен проблем е што колегите дежураат без паричен надомест и без договор со Здравен дом.да се инсистира Министерство за здравство да го реши овој проблем.

По првата точка околу ЗЗЗ-дискутираше Др Биљана-кажа дека во Предлог  законот кој е доставем до ЛКМ има нејаснотии околу концесијата која не е во согласност со новиот Закон за концесии,па се отвори потреба добро да се разгледа каде во него се пзу како примарните така и специјалистичките.Др Живко нагласи да член 230 мора да се преработи.На ова Др Лилија им одговори да во преодни и завршни одредби од законот стои да сите ќе влезат во мрежата на денот на стапување во сила на законот.Др Ранко –кажа да не е спремен да дискутира по законот и да сака со членството од Охрид да го разгледа и да треба да се бара

одлагање.Др Биљана наведе да во чл 230  се прави двоење на јавни добра и јавни услуги.Др Елица и Др Златко-сметаат да не треба да има двоење помеѓу Приватните здравствени установи.Се анализираше и можноста

странци  да се вработуваат ,а медицински сестри ќе можат да основаат ПЗУ.Др Милорад наведе да овој закон е всушност наш устав на здравствените работници .После многуте дискусии се донесе заклучок  сите забелешки да се пратат на ЛК до 3.10.2011 кога ќе има состанок по оваа точка,после што ке има средба ЛКМ со Министерот .

За втората точка- заради се по нередовната исплата на паричните средства и финансиските проблеми на ординациите-барање за следната година до Фондот мора да оди –исплата 100% на капитацијата.Казните пак да се бара да се намалат  .За гинеколози да се бара до 3000 бода 100% исплата,За член 25 од договорот да се бара до 6 месеци да не му се бришат пациентите на матичниот доктор,ако е тешко болен и не може да си најде замена.И едно техничко барање –сите пациенти кои наполнуваат 18 години во летниот период –остануваат без сини картони и тие и нивните родители-поместување на датата во програмот на Фондот да биде во Октомври.

Имаше предлози и казните да не бидат со раскинување на договорите,туку по друг модул. Др Милорад кажа да ќе мора нешто за гинеколози да се смени.Специјализацијата е тешка и одговорна.Или да одат во секундарна дејност,или партиципација или бодот да се покачи за гинеколози.
Др Игор кажа дека најдобро е  пациентите да бидат на сопственикот на ординацијата,а вториот доктор да е замена на носителот на дејност.

Др Милорад побара од 01.01.2012 –пријавување ,одјавување да биде централно и ништо да не праќаме по други градови.

Др Муарем кажа дека има многу пациенти чии носители на дејност имаат осигурување,а децата нивни не.
Сите колеги реагираа заради доцнење на исплатата на средствата од Фондот.Имаше предлози да се запре со работа,да се бара камата од Фондот,да се испадне во медиуми,да се почне со наплаќање на пациентите,да се побара Комората,т.е нејзиниот Претседател да се обрати до Министерот за овој проблем.
Заклучокот - координаторите добро да си го искоординираат членството и со јасни ставови да излезат на Собрание на ЗПЛРМ.

Де се побара ЛКМ т.е нејзиниот Претседател да реагира до МЗ и ФЗОМ околу проблемот со исплата на средства.
Др Златко –предложи да се бара извештај за прераспределба на средствата во Буџетот.да се види кој работи од здравствените работници,а кој не.

Др Милорад предложи Др Лилија и Др Златко Стојменов да бидат идните претставници за преговорите со Фондот.Придружувани од Адвокатот Гроздан Сутинов.

За третата точка –посета на  ЗПЛРМ низ Македонија-за да ги слушне проблемите на членството.Што со педијатрија,гинекологија,семејна медицина,рурални амбуланти.Побаравме да има чести средби со МЗ и со Министерот.И да треба да се види примерот со Фондот-со кој имаме одлична соработка.Со чести средби  многу работи се придвижија напред.

За четвртата точка-на трибината присуствуваа Др Лилија и Др Милорад.Повторно се побара Министерството да има средби со приватниот сектор,за да ги промениме нештата кон подобро.

За семејна медицина да се бара ЛК да побара објаснување од МЗ што и како понатаму.
Др Живко кажа да мора да се реагира за руралните амбуланти.Да мора да има и долна и горна граница на население.Мора да се стимулираат руралните доктори за да останат таму.
Се заклучи дека сега  се крши законот за избор на матичен доктор зошто Фондот со Правилник ги ограничува осигурениците да се лекуваат во тоа село каде што живеат.Претседателката  предложи да се побара од Министерство, со допис до Министерот,руралните амбуланти да ги плаќа Министерството и со тоа да ги задржиме докторите кои драстично најавуваат дека ќе ги напуштат руралните амбуланти.
Присутните се согласија дека е потребно да се одржи Собрание на ЗПЛРМ кое Претседателката ќе го закаже за 29 Октомври 2011год .
Состанокот почна во 13 часот,а заврши во 16 и 30.